До

Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје

Известување по точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка

На ден 4.7.2023 година, Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје донесе одлука со која предложениот кандидат Евгенија Трпкоска беше именувана за член на Надзорниот одбор на Банката со мандат до 3.4.2025 година.

Во согласност со точка 19 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, пред секое именување нов член на Надзорниот одбор се врши оцена на соодветност на кандидат за член на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на Банката на ден 4.7.2023 година, врз основа на обезбедената документација, а во согласност со критериумите наведени во точка 18 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, изврши анализа на знаењето и искуството на предложениот кандидат за позицијата, на репутацијата која ја поседува, на објективноста и независноста, како поединечно така и заедно со останатите членови на Надзорниот одбор, при што позитивно оцени дека предложениот кандидат ги исполнува соодветните критериуми за соодветност за остварување на функцијата член на Надзорниот одбор во Банката.

Имајќи ја предвид точката 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, со која Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на Банката за резултатите од извршената оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор заедно со активностите што ги предлага или што ги презел за надминување на утврдените слабости, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова известување до Собранието на акционери на Банката.

Скопје, март 2024 година